Врз основа на член 17, став (4) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/07) и член 36 став (2) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06 и 115/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.12.2007 година, донесе

**УРЕДБА ЗА УСЛУГИТЕ КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА УСЛУГИ**

Член 1

Со оваа уредба поблиску се пропишуваат услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги.

Член 2

Услугите од член 17 став 1 алинеја 1 од Законот за јавните набавки се:

- услуги за одржување и поправка – категорија 1;
- услуги за копнен транспорт, вклучувајќи и услуги за транспорт со блиндирани возила и курирски услуги, освен услуги за транспорт на поштенски пратки (освен услугите за железнички транспорт, кои се опфатени во категорија 18) – категорија 2;
- услуги за воздушен транспорт на луѓе и товар, освен услуги за транспорт на поштенски пратки – категорија  - 3;
- услуги за копнен и воздушен транспорт на поштенски пратки (освен услугите за железнички транспорт, кои се опфатени во категорија 18) – категорија 4;
- телекомуникациски услуги – категорија 5;
- финансиски услуги, и тоа:
- осигурителни услуги и
- банкарски и финансиски услуги (освен услугите во врска со издавањето, тргувањето или преносот на хартии од вредност или други финансиски инструменти, брокерските услуги и услугите на Народна банка на Република Македонија и услугите кои за предмет имаат купување или изнајмување на земјиште, згради или друг недвижен имот и права кои произлегуваат од истите, освен при доделувањето на договори за јавна набавка на финансиски услуги поврзани со договорите за купување или изнајмување) – категорија 6;
- информатички и поврзани услуги – категорија 7;
- услуги за развој и истражување во случај кога резултатите се користат исклучиво за вршењето на функциите и надлежностите на договорните органи – категорија 8;
- сметководствени, ревизорски и книговодителски услуги – категорија 9;
- услуги за истражување на пазарот и за истражување на јавното мислење – категорија 10;
- советодавни услуги за менаџментот и поврзани услуги (освен услуги за арбитража и посредување) – категорија 11;
- архитектонски услуги; инженерски услуги и интегрални инженерски услуги; услуги за просторно планирање и инженерски услуги за уредување на земјиштето; поврзани научни и технички советодавни услуги; услуги за технички испитувања и анализа – категорија 12;
- рекламни услуги категорија 13;
- услуги за чистење на објекти и услуги за управување до имот – категорија 14;
- издавачки и печатарски услуги на договорна основа или со надомест – категорија 15 и
- услуги за отстранување на отпадни води и на смет; санитарни и слични услуги – категорија 16.

Член 3

Услугите од член 17 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки се:

- хотелски и угостителски услуги – категорија 17;
- услуги на железнички транспорт – категорија 18;
- услуги на воден транспорт – категорија 19;
- дополнителни транспортни услуги – категорија 20;
- правни услуги – категорија 21;
- услуги за привремено вработување (освен услугите кои се однесуваат на договорите за вработување) – категорија 22;
- истражни и безбедносни услуги, освен услуги за транспорт со блиндирани возила – категорија 23;
- образовни услуги и услуги за стручно усовршување – категорија 24;
- здравствени и социјални услуги – категорија 25;
- рекреативни, културни и спортски услуги – категорија 26, и
- други услуги кои не се опфатени во член 2 од оваа уредба (освен услугите кои се однесуваат на купување, развој, продукција или копродукција на програмски материјали од страна на радио и телевизиски куќи или за термините на радио и телевизиско емитување на програма) – категорија 27.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-8311/1
26 декември 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.